Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и Јавна презентација**

на Архитектонско – урбанистички проект за промена на границата на ГП 4.6 и ГП 4.11 со основна класа на намена А1 – Домување во станбени куќи од ДУП за дел од УЗ Даме Груев – УБ 2, КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец, Општина Ѓорче Петров,

Границата на проектниот опфат ги опфаќа градежните парцели **4.6** и **4.11**, како што се дефинирани со постојниот ДУП Дел од УЗ Даме Груев – УБ 2, Општина Ѓорче Петров, Скопје (Одлука бр. 07-676/3 од 17.03.2009), односно опфаќа делови од **КП2429** и **КП2430**, КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува **844m²**, односно **0,08ha**.

- Јавната анкета ќе трае 8 работни од 30.12.2019год. до 10.01.2020 год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација Архитектонско – урбанистичкиот проект за промена на границата на ГП 4.6 и ГП 4.11 со основна класа на намена А1 – Домување во станбени куќи од ДУП за дел од УЗ Даме Груев – УБ 2, КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец, Општина Ѓорче Петров ќе биде изложен во просториите УЗ Даме Груев, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 09.01.2020 год. во 14:30 часот во просториите на УЗ Даме Груев, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 09.01.2020 год. во 15:00 часот во просториите на УЗ Даме Груев.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Општина Ѓорче Петров**

**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Република Северна Македонија, Општина Ѓорче Петров, Скопје

**Александар Наумоски**

Број 03-4144/2

од 23.12, 2019 година

Скопје